ПОВИК ЗА УЧЕСТВО

1. УНИВЕРЗИТЕТСКА ИНТЕРНА КОНФЕРЕНЦИЈА
УКЛО 21-УИК

„Науката на УКЛО - искуства и перспективи“

УКЛО21-УИК претставува нова иницијатива на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола за одржување годишни (двегодишни) конференции (собири) на коишто ќе се обработуваат актуелни и значајни теми што ги тангираат различните области од универзитетското живеење.
Во услови кога високото образование се соочува со бројни предизвици и кога универзитетите ја ревидираат и редефинираат својата позиција во општеството, потребата од заедничко споделување на интересите, приоритетите, добрите практики и уште повеќе потребата од усовршување, подобрување на сопствените знаења и вештини станува исклучително значајна.
Ваквите настани наменети за академската заедница на УКЛО – наставничките, научно-истражувачките, соработничките кадри претставуваат солидна платформа за потенцијалните учесници коишто во едно вистинско академско опкружување, со своите колеги ќе имаат можност да ги споделат сопствените искуства, да ги подобрат своите истражувања, своите научно-истражувачки трудови, да ги надоградат постоечките и да стекнат нови знаења, да развиваат успешни проекти.

Основна цел на конференцијата е квалитативно и квантитативно подобрување на научно-истражувачката и проектната активност на универзитетот и зголемување на меѓусебната доверба помеѓу академските кадри на УКЛО.
Поспецифично, Конференцијата има за цел и да ги мотивира академските кадри на УКЛО за реализирање научно-истражувачки активности за објавување трудови во меѓународни списанија и на меѓународни конференции и за пишување проектни апликации. Од ваквите форми на заедничка соработка се очекува подобрување на вештините и

компетенциите на академските кадри, но и повисок степен на интеграција на Универзитетот.
Конференцијата е дводневна и ќе се одвива во пленарни и поединечни стручни сесии.

Право на учество имаат сите наставници и соработници од УКЛО, кои ќе поднесат труд

- Секој учесник до координативното тело може да поднесе максимум два труда на тема од областа на своето истражување (може да се поднесуваат трудови во коавторство од најмногу 3 коавтори)
- Секој учесник што поднесува труд, во пријавата наведува област на истражување за којашто може да биде назначен како потенцијален рецензент на труд поднесен од друг/и автор/и
- За секој пријавен труд ќе бидат назначени двајца рецензенти од областа од којашто е трудот кои ќе имаат задача да го прочитаат трудот и да дадат краток критички осврт во писмена форма
- Трудовите до рецензентите се поднесуваат анонимно
- Рецензиите од страна на координативното тело се доставуваат до авторите во насока на подобрување на квалитетот на трудот
- Авторите се должни трудот да го поднесат во меѓународно списание или на меѓународна конференција во рок од 12 месеци од одржувањето на конференцијата и за поднесениот труд да го известат (со посебен формулар) координативното тело
- *Пријава*

Рокови

- Поднесување пријава за заинтересираност за учество на: *uklo21_uik@uklo.edu.mk* - ***најдоцна до 27.03.2017***

- Известување за прифаќањето на пријавата за учество ***најдоцна до 31.03.2017***

- Доставување на трудовите до координативното тело ***најдоцна до 15.06.2017***

- Испраќање конечна верзија на трудот од страна на авторите - ***најдоцна до 30.10.2017***

Конференцијата ќе се одржува на 6 и 7 октомври 2017 година во хотелски комплекс во Маврово.
Сите трошоци поврзани со одржувањето на Конференцијата, освен патните трошоци до местото на одржување, ги сноси организаторот, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Организациски одбор на конференцијата